# ЗАШТИТА-Б

*Средство за нега на свежо вграден бетон, изработено на парафинска основа*

## Област на примена:

Се применува за заштита од брзо испарување на водата од свежите бетонски површини. Најчесто се применува при изведба на бетонски работи, при високи температури или ветровити услови, при иаведба на бетонски конструкции со големи изложени површини како аеродромски писти, патишта, фундаменти, плочи, брани и сл.

## Својства:

- обезбедува правилна цементна хидратација;
- контролирано испарување на водата на свежо вградениот бетон;
- подобар квалитет на бетонската површина;
- смалување или елиминирање на опасноста од појава на површински пукнатини;
- брза апликација со распрскување;
- отпорен на атмосферски влијанија

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | бела течност |
| Густина: | 0,90 - 0,95 g/cm$^3$ |
| pH-фактор: | 4-6 |
| Температурна стабилност: | 10-35 °C |

## Методологија на изведба:

**Подготовка на подлогата**
На површината на бетонот да нема испливана вода. Подлогата не смее да биде целосно сува. Температурата при вградување треба да биде повисока од 10°C.

**Вградување**
Заштита-Б се нанесува со распрскување врз свежиот бетон. Распрскувачот е потребно да биде оддалечен на доволно растојание од површината на бетонот и да се движи рамномерно за да се обезбеди целосно воедначено покривање. Притисокот од пумпата треба да биде константен за да се обезбеди фино и рамномерно распрскување.

По нанесувањето нема потреба од дополнително прскање со вода или со друг материјал за заштита. Бетонската површина не треба да се оптеретува се до моментот додека не ја постигне потребната јакост за да ги носи површинските товари. Преку нанесениот филм не смее да има никаков сообраќај се до целосно оцврснување на бетонската површина.
Ако се нанесува на површини од оцврснат бетон, веднаш по демонтажа на оплатата, бетонските површини претходно да се испрскаат со вода до заситување, а потоа да се нанесе материјалот. Сувите површини може да предизвикаат абсорпција на материјалот во бетонот со што може да се намали ефикасноста на заштитата и подоцна може да има проблеми со отстранувањето.
При продолжување на бетонирањето, како и нанесување на други слоеви (корозивна заштита, хидроизолација), потребно е да се отстрани слојот од Заштита Б со воден млаз под притисок или со механичко чистење.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| Во зависност од температурата и методот на апликација: | 250-400 g/m$^2$ |

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Пластични канти | 18 kg |
| Палстични буриња | 180 kg |
| Пластични контејнери | 900 kg |

## Чистење:

Пумпата, алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од min 10°C до 35°C, заштитен од директно изложување на сонце.
Рок на употреба: 6 месеци.

Опасност по здравјето: Заштита-Б не содржи токсични материи, но и покрај тоа е потребно да се внимава да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на прскање на кожата или во очите, потребно е плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. При работа потребно е да се користи заштитна опрема: очила и ракавици.
Пожар: Заштита-Б е незапалива течност.
Чистење и депонирање: Чистењето на остатоци од Заштита-Б е со вода, Старата искористена амбалажа е потребно да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 820, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk